14. XII. 1989

4134 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

СЛУ[...]К
НА СОЦИ[...]ЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 6 декември 1989
Скопје
Број 43 Год. XLV

Претплатата за 1989 година изнесува 700.000 динари. Овој број чини 20.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**756.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 5 декември 1989 година.

Бр. 08-4182
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Во Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86 7/88, 14/88, 42/88, 51/88, 18/89, 26/89 и 36/89), во член 15 по зборот „периодичната“ се додаваат зборовите: „односно полугодишната“, а зборовите: „завршната сметка“ се заменуваат со зборовите: „годишната пресметка“.

Член 2

Во член 16 став 1 по зборовите: „пропишана за“ се додаваат зборовите: „периодичната, односно“.

Член 3

Во член 17 став 2 алинеја 1 зборот „јануари“ се заменува со зборот „февруари“, во алинеја 2 по зборот „декември“ се додаваат зборовите: „во тековната година и за месец јануари наредната година“, а по зборовите: „првото полугодие“ се додаваат зборовите: „односно до 31 јануари наредната година“.

Во став 4 по зборот „периодичната“ се додаваат зборовите· „односно полугодишната“.

Член 4

Во член 18 ставови 1 и 2 по зборот „периодичната“ се додаваат зборовите: „односно полугодишната пресметка“, а зборовите: „завршната сметка“, се заменуваат со зборовите: „годишната пресметка“.

Член 5

Во членот 20-а по бројот „2“ се додаваат зборовите: „и од член 26-а“.

Член 6

Во член 23 по зборот „пресметувањето“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите: „и отстапувањето“ се бришат.

Член 7

По член 26 се додава нов член 26-а кој гласи.

„Член 26-а

По исклучок на одредбата на член 17 став 2 од овој закон, месечниот износ на аконтацијата за тековниот месец, почнувајќи од октомври 1989 година и за периодот до 31 јануари 1991 година се утврдува со примена на пропишаната стапка, и тоа за:

— периодот октомври — декември 1989 и 1990 година и за јануари 1990 и 1991 година, според основицата на данокот од доход утврдена по периодичната пресметка за деветте месеци од годината зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од четвртото тримесечје, односно до 31 јануари наредната година во однос на просечните цени на мало за деветте месеци од годината или според основицата на данокот од доход утврдена по периодичната пресметка за деветте месеци од годината, зголемена за процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата остварен во месецот за кој се плаќа данокот од доход во однос на остварениот просечен месечен чист личен доход по вработен во организацијата за деветте месеци од годината ако е тоа поповолно;

— периодот февруари — март 1990 година според основицата на данокот од доход утврдена по годишната пресметка за 1989 година, зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од првото тримесечје од 1990 година во однос на просечните цени на мало во претходната година или според основицата на данокот од доход утврдена по годишната пресметка за претходната година, зголемена за процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата остварен во месецот за кој се плаќа данок од доход во однос на остварениот просечен месечен личен доход по вработен во организацијата во претходната година, ако е тоа поповолно;

— периодот април — јуни 1990 година, според основицата на данокот од доход утврдена по периодичната пресметка за првото тримесечје од 1990 година, зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од второто тримесечје во однос на просечните цени на мало во првото тримесечје или според основицата на данокот од доход утврдена по периодичната пресметка за првото тримесечје, зголемена за процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата остварен во месецот за кој се плаќа данокот од доход во однос на остварениот просечен месечен чист личен доход по вработен во организацијата во првото тримесечје. ако е тоа поповолно; и

— периодот јули — септември 1990 година, според основицата на данокот од доход утврдена по полугодишната пресметка зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од третото тримесечје во однос на просечните цени на мало во првото полугодие или според основицата на данокот од доход утврдена по полугодишната пресметка зголемена за процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата остварен во месецот за кој се плаќа данок од доход во однос на остварениот просечен месечен чист личен доход по вработен во организацијата во првото полугодие ако е тоа поповолно".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**757.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за Народната банка на Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 5 декември 1989 година.

Бр. 08-4187/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Народната банка на Македонија е установа на единствениот монетарен систем на Социјалистичка Федеративна Република Југославија која во рамките на своите права и должности, ја спроведува заедничката монетарна и девизна политика, заедничките основи на кредитната политика на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и кредитната политика на Републиката.

Член 2

Народната банка на Македонија е организација на Републиката.

Народната банка на Македонија има својство на општествено правно лице.

Член 3

Народната банка на Македонија му предлага на Собранието на Социјалистичка Република Македонија закони, други прописи и општи акти во областа на кредитната политика на Републиката и во рамките на своите права и должности е одговорна пред Собранието за спроведувањето и постојаното следење на спроведувањето на политиката и за извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во оваа област, како и за стабилноста на валутата за општата ликвидност на плаќањата во земјата и спрема странство и за спроведувањето и следењето на спроведувањето на заедничката монетарна и девизна политика и за заедничките основи на кредитната политика.

Член 4

Народната банка на Македонија, по потреба, а најмалку годишно, до Собранието на Социјалистичка Република Македонија поднесува извештај за спроведувањето на заедничката монетарна и девизна политика, на политиката на кредитните односи со странство и на заедничките основи на кредитната политика и на кредитната политика на Републиката. Кон годишниот извештај Народната банка на Македонија поднесува и завршна сметка.

Член 5

Народната банка на Македонија ги следи и проучува појавите и движењата во областа на монетарната и девизната политика и на заедничките основи на кредитната политика, на кредитната политика на Републиката, како и во кредитните односи со странство и за тоа редовно го известува Собранието на Социјалистичка Република Македонија и другите надлежни органи на Републиката.

Член 6

Народната банка на Македонија, заедно со Народната банка на Југославија, го организира и усогласува единствениот информативен систем на територијата на Републиката, како дел на информативниот систем на Федерацијата од посебно значење за субјектите на општествениот систем на информирање.

Член 7

Народната банка на Македонија во рамките на своите права и должности, соработува со Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини.

### II. РАБОТЕЊЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 8

Народната банка на Македонија во вршењето на работите во областа на регулирањето на количеството на пари во оптек, одржувањето на ликвидноста на банките и другите финансиски организации и во одржувањето на ликвидноста во плаќањата спрема странство, во согласност со своите права и овластувања, ги спроведува одредбите од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, одредбите од другите сојузни закони, подзаконски акти и други општи акти, одлуките на Советот на гувернерите, како и одредбите на републичките закони, подзаконски акти и други општи акти.

Член 9

Народната банка на Македонија врши трезорски работи и тоа:

— прима банкноти и ковани пари од Народната банка на Југославија;

— ги снабдува организационите единици на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија со банкноти и ковани пари и од неа ги презема вишоците над благајничкиот максимум;

— презема од организационите единици на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија оштетени и излитени банкноти и ковани пари, како и банкноти и ковани пари кои престанале да бидат законско средство за плаќање;

— ги снабдува организационите единици на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија со таксени и даночни вредносници; и

— врши и други трезорски работи.

Член 10

Народната банка на Македонија врши контрола над спроведувањето на мерките за заедничката монетарна и девизна политика и на заедничките основи на кредитната политика и над прописите со кои се утврдени девизното работење и кредитните односи со странство, прометот на стоки и услуги со странство и вршењето на стопански дејности во странство од страна на банките и други финансиски организации.

За извршената контрола од став 1 на овој член и за преземените мерки Народната банка на Македонија ја известува народната банка на Југославија.

Член 11

Службата за контрола на Народната банка на Македонија е самостојна во извршувањето на своите законски овластувања и за својата работа е одговорна непосредно пред гувернерот на Народната банка на Македонија, како и пред Советот на гувернерите.

Член 12

Народната банка на Македонија ги врши во името и за сметка на Републиката работите во врска со земањето и отплатувањето на заеми на Републиката во земјата и во странство, ако тоа за одделни заеми е определено со закон, односно со договор за заем.

Член 13

Народната банка на Македонија ја утврдува тарифата за услугите кои ги врши за сметка на Републиката и општините, за кои не е утврден надоместок во единствената тарифа која ја утврдува Народната банка на Југославија.

Согласност на тарифата од став 1 на овој член дава Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 14

Во областа на општонародната одбрана, Народната банка на Македонија ги врши работите предвидени со уставот и законите од областа на општонародната одбрана.

## III. ОРГАНИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 15

Органи на Народната банка на Македонија се Советот на Народната банка на Македонија и гувернерот на Народната банка на Македонија.

Член 16

Советот на Народната банка на Македонија го сочинуваат гувернерот на Народната банка на Македонија и осум членови.

Членовите на Советот на народната банка на Македонија ги именува и разрешува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Советот на Народната банка на Македонија, е одговорен пред Собранието на СР Македонија, во рамките на своите права и должности, за одлуките и актите што ги донесува во областа на работењето на Народната банка на Македонија.

Член 17

Гувернерот на Народната банка на Македонија е претседател на Советот на Народната банка на Македонија.

Член 18

Советот на Народната банка на Македонија:

1) донесува статут на Народната банка на Македонија;

2) утврдува нацрти, односно предлози на законите и на другите прописи и општи акти од областа на кредитната политика на Републиката;

3) донесува финансиски план и завршна сметка на Народната банка на Македонија;

4) утврдува годишен извештај за работата на Народната банка на Македонија;

5) одлучува за користење на средствата од Фондот за посебни резерви;

6) донесува програма за унапредување на материјалната основа на трудот во Народната банка на Македонија;

7) донесува одлука за основање и укинување на организациони единици на Народната банка на Македонија надвор од нејзиното седиште;

8) донесува тарифа од член 13 на овој закон;

9) врши избор и разрешување на раководни работници и работници со посебни овластувања и одговорности за работите на Народната банка на Македонија утврдени со нејзиниот статут, на предлог на гувернерот на Народната банка на Македонија;

10) донесува општи акти од областа на општонародната одбрана;

11) донесува деловник за својата работа; и

12) врши други работи.

Член 19

Гувернерот на Народната банка на Македонија има право да го запре извршувањето на одлуките и општите акти на Советот на Народната банка на Македонија ако смета дека се во спротивност со утврдената политика и со законите, другите прописи и општи акти од областа на работењето на Народната банка на Македонија за што го известува Собранието на Социјалистичка Република Македонија кое донесува конечна одлука.

Член 20

Гувернерот на Народната банка на Македонија раководи со работењето и ја организира работата на Народната банка на Македонија.

Член 21

Гувернерот на Народната банка на Македонија ја претставува Народната банка на Македонија.

Член 22

Гувернерот на Народната банка на Македонија, во согласност со своите права и должности утврдени со закон, одговорен е за својата работа пред Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 23

Гувернерот на Народната банка на Македонија го именува и разрешува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 24

Во Народната банка на Македонија се именува заменик на гувернерот и еден или повеќе вицегувернери.

Заменикот на гувернерот и вицегувернерите ги именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Со Статутот на Народната банка на Македонија се определува кои работи од својот делокруг гувернерот може да ги пренесе на заменикот на гувернерот и на вицегувернерите.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 25

Седиштето на Народната банка на Македонија е во Скопје.

Член 26

Народната банка на Македонија има статут.

Статутот на Народната банка на Македонија го донесува Советот на Народната банка на Македонија, а го потврдува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 27

Народната банка на Македонија има финансиски план и завршна сметка.

Член 28

Народната банка на Македонија има свој печат.

Печатот на Народната банка на Македонија го содржи грбот на Социјалистичка Република Македонија, називот и седиштето на Народната банка на Македонија.

Член 29

Заради извршување на своите работи и задачи Народната банка на Македонија може да основа посебни организациони единици и надвор од своето седиште.

Член 30

Општиот акт за организација, систематизација и работното време го донесува гувернерот на Народната банка на Македонија.

Член 31

Работниците во Народната банка на Македонија формираат работна заедница.

За правата, обврските и одговорностите на работниците во работната заедница од став 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите на Законот за државната управа.

Соодветната примена на одредбите на Законот од став 2 на овој член ја утврдува Советот на Народната банка на Македонија.

## V. ПРИХОДИ, РАСХОДИ И ФОНДОВИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 32

Народната банка на Македонија остварува приходи по основ на:

1) надоместоците по тарифа за вршење услуги;

2) купување и продавање на хартии од вредност;

3) камати на кредити и други пласмани од примарната емисија;

4) други приходи што ги остварува со своето работење.

Народната банка на Македонија приходот од точка 3) став 1 на овој член го пренесува на Народната банка на Југославија, по одбивање на дел од приходите за покритие на остварените расходи од редовното работење, за покритие на материјалните расходи, издвојување на фондот на основните средства и за работната заедница на Народната банка на Македонија.

Член 33

Од приходите што ги остварува Народната банка на Македонија се намируваат:

1) каматите и другите трошоци по основ на купување и продавање хартии од вредност;

2) трошоци за манипулација, чување и транспорт на банкноти и ковани пари;

3) други трошоци што Народната банка на Македонија ги има во своето работење.

Од приходите што ги остварува Народната банка на Македонија се обезбедуваат средства за:

1) Фондот на основни средства;

2) Фондот на посебна резерва;

3) работната заедница на Народната банка на Македонија.

Член 34

Недостигот на приходи во однос на остварените расходи се покрива од средствата на Фондот на посебна резерва со тоа што искористените средства на Фондот на посебната резерва се надоместуваат од приходите на Народната банка на Македонија кои ќе се остварат во наредната година.

Член 35

Трошоците на Народната банка на Македонија кои ќе настанат во вршењето на посебни работи за сметка на Републиката се покриваат од Буџетот на Републиката.

Член 36

Финансискиот план и завршната сметка на Народната банка на Македонија ги донесува Советот на Народната банка на Македонија, а ги потврдува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Советот на Народната банка на Македонија е должен до 31 март секоја година да донесе завршна сметка за претходната година и финансиски план за тековната година.

До донесувањето на финансискиот план на Народната банка на Македонија, Советот на Народната банка на Македонија донесува одлука за привремено финансирање на Народната банка на Македонија.

Член 37

За прибавување предмети и права што претставуваат основни средства на Народната банка на Македонија се формира фонд на основни средства.

Средствата за фондот на основни средства се предвидуваат со финансискиот план на Народната банка на Македонија, а се утврдуваат со завршната сметка на Народната банка на Македонија.

Одлука за користење на средствата на Фондот на основни средства донесува гувернерот на Народната банка на Македонија.

Член 38

За покритие на ризиците настанати во работењето на Народната банка на Македонија, како и за покритие на недостигот на приходи во смисла на член 34 од овој закон се формира фонд на посебна резерва.

Средствата на Фондот на посебна резерва се предвидуваат со финансискиот план на Народната банка на Македонија, а се издвојуваат од вкупниот приход на Народната банка на Македонија.

По исклучок, кога приливот на приходи е помал од остварувањето на расходите, може да се користат средства од фондот на посебна резерва во вид на привремени заеми со рок на враќање до три месеци.

Одлука за користење на средствата на Фондот на посебни резерви донесува Советот на Народната банка на Македонија.

Член 39

Средствата за работната заедница на Народната банка на Македонија се предвидуваат со финансискиот план. а се утврдуваат со завршната сметка на Народната банка на Македонија.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

Народната банка на Македонија ќе ги усогласи својата организација, општите акти и работењето со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 41

Средствата на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија, ќе се пренесат на друга банка на начин и во динамика утврден со посебен закон.

Член 42

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 36/77 и 51/88), освен одредбите на член 66 и 67 од тој закон кои престануваат да важат на 31 декември 1990 година.

Член 43

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", освен одредбите на член 32 став 2 и член 34 на овој закон кои ќе се применуваат од 1 јануари 1991 година.

**758.**

Врз основа на член 318 од Уставот на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, остварувајќи ја својата уставна положба и одговорност како орган на општественото самоуправување и највисок орган на власта, во рамките на правата и должностите на Републиката,

тргнувајќи од континуитетот на своето активно определување и давање придонес во согледувањето и решавањето на актуелните општествени прашања во земјата,

и изразувајќи ја загриженоста и вознемиреноста на работните луѓе и граѓаните на Социјалистичка Република Македонија и нивната решителна спремност да го дадат својот дел во надминувањето на сегашниве неповолни состојби, што имаат несогледливи последици врз интегритетот на СФРЈ,

на заедничка седница на трите собори, одржана на 5 декември 1989 година, ја донесе следнава

## ДЕКЛАРАЦИЈА

1. Собранието на Социјалистичка Република Македонија констатира дека бројни настани и состојби што во последно време се случуваат во земјата ја заоструваат вкупната општествена криза врз чие совладување и надминување се насочени надежите и напорите на најголемиот дел на работните луѓе и граѓаните на СФРЈ. Соочени сме со сè поголемо заладување на меѓунационалните односи во земјата, со појави на нарушување и попречување на уставниот поредок на земјата и со груби обиди за разбивање на интегритетот на нашата федеративна социјалистичка заедница на братски народи и народности и разнишување на меѓународниот углед на нашата земја.

2. Собранието на СР Македонија оценува дека кулминација на овие состојби — загрижувачки и со несогледиви последици за сегашнината и иднината на земјата претставува крајното заострување на односите меѓу двете братски републики — Социјалистичка Република Словенија и Социјалистичка Република Србија.

За работните луѓе и граѓаните на СР Македонија неприфатливи се сегашните еднострачниви приоди на раководствата на Социјалистичка Република Словенија и Социјалистичка Република Србија спорните и отворени прашања во меѓусебните односи и различните погледи да се разрешуваат низ непринципиелни расправи, и разгорување омраза меѓу народите.

Собранието на СР Македонија смета дека во времето кога нашата земја прави крупни напори за демократизација на сите општествени односи, несфатливо и неприфатливо е било какво ограничување на политичките слободи за граѓаните на единствената територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и било каков економски притисок на единствениот југословенски пазар, сеедно од која страна да доаѓаат тие забрани.

3. Собранието на Социјалистичка Република Македонија истакнува дека денешната и утрешната судбина на Социјалистичка Федеративна Република Југославија не може да биде предмет на поткусурување и сметки на било кое раководство и на било која република и народ. Социјалистичка Федеративна Република Југославија е плод на стремежите, борбите и жртвите на сите наши народи и народности и никој нема право неа да ја прекројува и во тоа да ги вовлекува нејзините народи и народности. Југословенските народи и народности, со нив заедно и рамноправно и македонскиот народ, ја создадоа Социјалистичка Федеративна Република Југославија низ огнот на заедничката Народноослободителна војна и врз темелите на АВНОЈ. Отаму и денес, во името на тоа трајно определување на македонскиот народ и народностите кои живеат во СРМ, Собранието на СРМ порачува дека и денешниот и утрешниот развој на Социјалистичка Федеративна Република Југославија е возможен само врз нејзините АВНОЈ-ски Титовски основи како социјалистичка федеративна заедница на доброволно обединети народи и народности.

4. Собранието на СРМ е убедено дека во сегашнава конфликтна ситуација во земјата треба да победи разумот, да престанат сите непринципиелни расправи, кавги, забрани и сеењето на раздор меѓу работните луѓе и граѓаните на кои делбите не можат да им бидат преокупација — наспроти нивните оправдани надежи — здружени да се излезе од кризата и сиромаштијата, да се зачекори кон побогат и подемократски живот. Наместо престрелки и заемни обвинувања — неопходно е мобилизирање на сите субјекти и надлежни органи врз изнаоѓање на излезни решенија за сите, па и за спорните прашања, во името на сегашноста и иднината на оваа земја.

5. Преземајќи го својот дел на обврски и одговорности, Собранието на СР Македонија ја истакнува неопходната потреба од итно и поцелосно ангажирање на надлежните органи во сите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини, а посебно во Федерацијата за надминување и спречување на судирите во меѓунационалните односи и нивно унапредување за обезбедување непречено функционирање на уставноста и законитоста, за овозможување непречен и мирен творечки развој на земјата.

Собранието на СРМ бара итно свикување на Собранието на СФРЈ и во рамките на неговите уставни надлежности да ја согледа настанатата општествено-политичка состојба во земјата и да утврди мерки за нејзино надминување. Во остварувањето на оваа цел неопходен е конструктивен придонес на сите субјекти на делегатскиот систем во републиките и покраините.

6. Собранието на Социјалистичка Република Македонија е уверено дека со самопрегорот на работничката класа, на работните луѓе и граѓаните на нашата земја, со решителното опстојување на стратешките определби на нашата Социјалистичка револуција, со доследното остварување и продлабочување на започнатите радикални реформи во стопанскиот и политичкиот систем и во дејствувањето на организираните социјалистички сили, со отворените процеси на демократизација на нашето општество и со поголемо заемно почитување, разбирање и единство, нашата земја ќе ги надмине постојните тешкотии и ќе зачекори по патот на прогресот и стабилноста што сите еднодушно ги сакаме и очекуваме. Врз овие основи, Собранието на СРМ ја изразува спремноста и решителноста на работните луѓе и граѓаните на СРМ, како дел на мнозинското определување на работничката класа, на работните луѓе, на народите и народностите на нашата земја — за единствена и стабилна Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4181
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов**, с. р.

**759.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 6/89, 19/89, 27/89, 31/89, 32/89, 33/89, 37/89 и 43/89) во член 2, точка 4 износот „11.500“ се заменува со износот „16.500“.

По точка 21 се додава нова точка 22 која гласи:

„22. Издавање на Атлас на Македонија во износ од 5.000 милиони динари“.

Член 2

Во член 3, алинеја 1, по бројот „20“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по бројот „21“ се додаваат зборовите „и 22“.

Член 3

Во член 4, алинеја 2, по бројот „18“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по бројот „20“ се додаваат зборовите „и 22“.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2534/1
2 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**760.**

Врз основа на член 39 од Законот за системот на финансирање на Републиката и општините („Службен весник на СРМ“ број 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/89, 20/88 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ УТВРДЕНИ СО РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88, 28/89 и 39/89) се вршат следниве измени на распоредот на средствата за посебни намени и тоа:

1. Во Раздел 64 — Средства за компензации и регрес, позиција 562, конто 431 — Регреси во патниот сообраќај износот „4.300.000.000“ се заменува со износот „6.800.000.000“.

2. Во Раздел 65 — Други обврски на Републиката, позиција 577, конто 433 — Учество на Републиката во покривањето на курсните разлики износот „7.600.000.000“ се заменува со износот „3.860.000.000“; позиција 578, конто 433 — Регреси на камати по селективна програма износот „22.100.000.000“ се заменува со износот „14.608.000.000“; позиција 590 а, конто 433 — Регреси за вештачки ѓубрива износот „9.737.629.000“ се заменува со износот „629.000“; позиција 590 в, конто 433 — Средства за „ФЕНИ“ износот „5.000.000.000“ се брише.

3. Во Раздел 67 — Средства за резервите, позиција 614, конто 488 — Тековна буџетска резерва износот 15.532.000.000“ се заменува со износот „39.001.000.000“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2555/1
2 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**761.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ, МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ И СООБРАЌАЈОТ

1. За советник на директорот на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот се назначува Атанас Велкоски, досегашен советник на директорот на Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2513/1
16 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**762.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ, МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ И СООБРАЌАЈОТ

1. За советник на директорот на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот се назначува Никола Ермаоски, досегашен советник на директорот на Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот да донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2514/1
16 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**763.**

Врз основа на член 23 од Законот за данокот на доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ", бр. 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85. 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88, 18/89, 26/89, 36/89 и 43/89) Републичкиот секретар за финансии донесува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Во Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 10/86, 10/88, 18/89, 26/89 и 39/89) во член 4 пред зборот: „полугодишната" се додаваат зборовите: „периодичната односно".

Член 2

Во член 5 став 1 алинеја 1 зборот: „Јануари" се заменува со зборот: „февруари", во алинеја 2 по зборот: „декември" се додаваат зборовите: „во тековната година и за месец јануари наредната година" а во петтиот ред по зборот: „полугодие" се додаваат зборовите: „односно до 31 јануари наредната година".

Член 3

Во член 7 пред зборот: „полугодишна" се додаваат зборовите: „периодична односно".

Член 4

Во член 9 и член 16 пред зборот: „полугодишната" се додаваат зборовите: „периодичната односно".

Член 5

Во член 17 во став 2 во ред 2, 3, 5 и 6 пред зборот: „полугодишната" се додаваат зборовите: „периодичната односно".

Член 6

По член 18 се додава нов член 18-а кој гласи:

По исклучок на одредбата на член 5 став 1 од овој правилник месечниот износ на аконтацијата за тековниот месец, почнувајќи од месец октомври 1989 година и за периодот до 31 јануари 1991 година, обврзникот на данокот од доход го утврдува од податоците искажани во образецот, „ДД" и тоа за:

— периодот октомври — декември 1989 и 1990 година и за месец јануари 1990 и 1991 година, според основицата на данокот од доход утврдена по периодичната пресметка за деветте месеци од годината зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од четвртото тримесечје односно до 31 јануари наредната година во однос на просечните цени на мало за деветте месеци од годината или според основицата на данокот од доход утврдена по периодичната пресметка за деветте месеци од годината, зголемена за процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата остварен во месецот за кој се плаќа данок од доход во однос на остварениот просечен месечен чист личен доход по вработен во организацијата за деветте месеци од годината; ако е тоа поповолно;

— периодот февруари — март 1990 година, според основицата на данокот од доход утврдена по годишната пресметка за 1989 година, зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од првото тримесечје од 1990 година, во однос на просечните цени на мало во претходната година, или според основицата на данокот од доход утврдена по годишната пресметка за претходната година, зголемена за процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата остварен во месецот за кој се плаќа данок од доход во однос на остварениот просечен месечен чист личен доход по вработен во организацијата во претходната година, ако е тоа поповолно;

— периодот април — јуни 1990 година, според основицата на данокот од доход утврдена по периодичната пресметка за првото тримесечје од 1990 година, зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од второто тримесечје во однос на просечните цени на мало во првото тримесечје или според основицата на данокот од доход утврдена по периодичната пресметка за првото тримесечје, зголемена за процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата остварен во месецот за кој се плаќа данок од доход во однос на остварениот просечен месечен чист личен доход по вработен во организацијата во првото тримесечје, ако е тоа поповолно;

— периодот јули — септември 1990 година, според основицата на данокот од доход утврдена по полугодишната пресметка зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од третото тримесечје во однос на просечните цени на мало во првото полугодие или според основицата на данокот од доход утврдена по полугодишната пресметка зголемена за процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата остварен во месецот за кој се плаќа данок од доход во однос на остварениот просечен месечен чист личен доход по вработен во организацијата во првото полугодие, ако е тоа поповолно.

Член 7

Во образецот „МДД" — Пресметка на данокот од доход за месец —— 19— година, на реден број 1 во колоната 3 и 4 се искажува износот од реден број 3 од образецот „ДД" — Пресметка на данокот од доход на организациите на здружениот труд и тоа за пресметување на месечниот износ на аконтацијата за:

— периодот февруари — јуни, според годишната пресметка на данокот од доход;

— периодот јули — декември, тековната година и за месец јануари наредната година, според полугодишната пресметка на данокот од доход.

На реден број 2, на образецот „МДД", во колоната 3 и 4 се искажува бројот на месеците, во зависност од тоа дали основицата е утврдена со периодичната односно полугодишната пресметка или со годишната пресметка на данокот од доход.

Член 8

Во образецот „МПДЗ" — Пресметка на придонесите и другите издвојувања од доходот за месец —— 19— година, во колоната 3 се искажува основицата што служи за пресметување на придонесите и другите издвојувања од доходот на следниот начин:

а) Од реден број 1 до реден број 10 се искажува износот, од реден број 3 од образецот „ДД" — Пресметка на данокот од доход на организациите на здружениот труд и тоа за пресметување на месечниот износ на аконтацијата за:

— периодот февруари — јуни, според годишната пресметка на данокот од доход;

— периодот јули — декември тековната година и за месец јануари наредната година, според полугодишната пресметка на данокот од доход;

б) Од реден број 11 до реден број 26, II.3 и II.4 се искажува износот од реден број 3 од образецот „ПДЗ" — Пресметка на издвојувањата од доходот чија обврска е утврдена со закон или врз основа на закон и тоа за пресметување на месечниот износ на аконтацијата за:

— периодот февруари — јуни според годишната пресметка на издвојувањата од доходот;

— периодот јули — декември тековната година и за месец јануари наредната година, според полугодишната пресметка на издвојувањата од доходот;

в) Од реден број 28 до реден бр. 31 се искажува основицата што е утврдена со самоуправната спогодба.

Во колоната број 4 на образецот „МПДЗ“ се искажува бројот на месеците во зависност од тоа дали основицата е утврдена со периодичната односно полугодишната пресметка или со годишната пресметка на издвојувањата, од доходот.

Член 9

По исклучок на одредбата на член 7 од овој правилник, почнувајќи од месец октомври 1989 година и за периодот до 31 јануари 1991 година во образецот „МДД“ на реден број 1 во колоната 3 и 4 се искажува износот од реден број 3 од образецот „ДД“ — Пресметка на данокот од доход на организациите на здружениот труд и тоа за пресметување на месечниот износ на аконтацијата за:

— периодот октомври — декември 1989 и 1990 година и за месец јануари 1990 и 1991 година, според периодичната пресметка на данокот од доход за деветте месеци од годината;

— периодот февруари — март 1990 година според годишната пресметка на данокот од доход за 1989 година;

— периодот април — јуни 1990 година, според периодичната пресметка на данокот од доход за првото тромесечје од 1990 година;

— периодот јули — септември 1990 година, според полугодишната пресметка на данокот од доход.

На реден број 2, на образецот „МДД“ во колоната 3 и 4 се искажува бројот на месеците, во зависност од тоа дали основицата е утврдена со периодичната односно полугодишната пресметка или годишната пресметка на данокот од доход.

Член 10

По исклучок на одредбата од член 8 од овој правилник, во образецот „МПДЗ“, почнувајќи од месец октомври 1989 година и за периодот до 31 јануари 1991 година, во колоната број 3 се искажува основицата што служи за пресметување на придонесите и другите издвојувања од доходот на следниот начин:

а) Од реден број 1 до реден број 10, се искажува износот од реден број 3 од образецот „ДД“ — Пресметка на данокот од доход на организациите на здружениот труд и тоа за пресметување на месечниот износ на аконтацијата за:

— периодот октомври — декември 1989 и 1990 година и за месец јануари 1990 и 1991 година, според периодичната пресметка на данокот од доход за деветте месеци од годината;

— периодот февруари — март 1990 година според годишната пресметка на данокот од доход за 1989 година;

— периодот април — јуни 1990 година според периодичната пресметка на данокот од доход за првото тромесечје од 1990 година;

— периодот јули — септември 1990 година, според полугодишната пресметка на данокот од доход.

б) Од реден број 11 до реден број 26, II.3 и II.4 се искажува износот од реден број 3 од образецот „ПДЗ“ — Пресметка на издвојувањата од доходот чија обврска е утврдена со закон или врз основа на закон и тоа за пресметување на месечниот износ на аконтацијата за:

— периодот октомври — декември 1989 и 1990 година и за месец јануари 1990 година и 1991 година, според периодичната пресметка на издвојувањата од доходот за деветте месеци од годината;

— периодот февруари — март 1990 година, според годишната пресметка на издвојувањата од доходот за 1989 година;

— периодот април — јуни 1990 година според периодичната пресметка на издвојувањата од доходот за првото тромесечие од 1990 година;

— периодот јули — септември 1990 година, според полугодишната пресметка на издвојувањата од доходот.

в) Од реден број 28 до реден број 31 се искажува основицата што е утврдена со самоуправната спогодба.

Во колоната број 4 од образецот „МПДЗ“ се искажува бројот на месеците, во зависност од тоа дали основицата е утврдена со периодичната односно полугодишната или годишната пресметка на издвојувањата од доходот.

Член 11

Во образецот „МДД“ на реден број 2 и во образецот „МПДЗ“, во колоната 6, заградата и броевите во неа се бришат, а податоците во овие обрасци ќе се искажат во илјади динари.

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-3389/1
6 декември 1989 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски,** с. р.

**СОДРЖИНА**

Страна


756. Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд — — — 761

757. Закон за Народната банка на Македонија 762

758. Декларација — — — — — — — — 765

759. Одлука за изменување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година — — — — 766

760. Одлука за измена на распоредот на средствата за посебни намени, утврдени со Републичкиот буџет за 1989 година — 766

761. Решение за повторно назначување советник на директорот на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот — — — — — — — — 766

762. Решение за повторно назначување советник на директорот на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот — — — — — — — — 766

763. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доход на организациите на здружениот труд — 767


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**